ВОЗЕН РЕД

14.12.2014
12.12.2015

## МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
## MACEDONIAN RAILWAYS TRANSPORT JSC- SKOPJE

# TIMETABLE
# INDICATEUR
# KURSBUCH






www.mztransportad.com.mk

# МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
# ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ
### ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ

### MACEDONIAN RAILWAY
### TRANSPORT JSC-SKOPJE
### PASSENGER TRAFFIC

# ВОЗЕН РЕД

0Д 14.12.2014 - 12.12.2015

# TIMETABLE

## VALIDITY 14.12.2013 - 12.12.2015

СКОПЈЕ, 2014
SKOPJE, 2014

МЖ ТРАНСПОРТ АД-Скопје го задржува правото за измена на возниот ред согласно законските прописи

* * *

МЖ ТРАНСПОРТ АД-Скопје не гарантира за точноста на податоците за возниот ред на возовите надвор од границата на Р. Македонија во делот б. Меѓународен возен ред

И З Д А В А
МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ
ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ

Компјутерска подготовка и
Подготовка на текстот

ОТСЕК ЗА
ПАТНИЧКИ СООБРАЌАЈ

ISSUED BY:
MACEDONIAN RAILWAYS
TRANSPORT JSC SKOPJE
PASSENGER TRAFFIC

Computer processing and the text made by:

PASSENGER TRAFFIC SECTION

СОДРЖИНА:

а. ИНФОРМАТИВЕН ДЕЛ
б. МЕЃУНАРОДЕН ВОЗЕН РЕД
ц. ВОЗЕН РЕД ВО ВНАТРЕШНИОТ СООБРАЌАЈ

ISSUED BY:

a. INFORMATION SECTION
b. INTERNATIONAL TIMETABLE
c. NATIONAL TIMETABLE

www.mztransportad.com.mk

# а.

## С О Д Р Ж И Н А

-Упатство за користење на патничкиот возен ред ...... 5

-Објаснување на знаците ............................................... 7

-Извод од општите услови за превоз на патници ......... 9

**УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА
ПАТНИЧКИОТ ВОЗЕН РЕД НА МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ**

Патничкиот возен ред е поделен на три дела:

а) ***ИНФОРМАТИВНИОТ ДЕЛ*** ги содржи сите основни известувања за организацијата и условите за превозот на патници, багаж, резер-вирање на седишта, легла и постели во директните вагони во внатрешниот и за меѓународниот сообраќај. Во списокот на станици на мрежата на МЖ покрај називот на станицата е даден и бројот на односното поле во кое што таа се наоѓа. Во рамките на поглавјето на составот на возовите, кое исто така се наоѓа во овој дел, е прикажан и периодот на сообраќајот на возовите и на вагоните во внатрешниот и меѓународниот сообраќај.

б) ***ВОЗНИОТ РЕД НА МЕЃУНАРОДНИТЕ И НА ДИРЕКТНИТЕ ВОЗОВИ*** ги содржи сите директни возови, експресните, деловните, брзите и возовите со посебен комфор. За полесно и побрзо ориентирање при пронаоѓањето на соодветното поле, претходно треба да се прегледа шематската карта што е во состав на овој дел. Бројната ознака покрај бараната релација истовремено го прикажува и редниот број на табелата (полето) каде што е прикажан возниот ред. Пред секоја табела (поле) е даден шематски приказ на тој дел на пругата.

в) ***ВОЗНИОТ РЕД НА СИТЕ ВОЗОВИ ВО ВНАТРЕШНИОТ СООБРАЌАЈ*** ги содржи детално податоците за сите возови на МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ. При негово користење е потребно претходно да се погледа шематската карта на железничките пруги на МЖ што се наоѓа на внатрешната страна на корицата. Доколку не се знае на која релација се наоѓа некоја станица, може да се погледне азбучниот список на станиците во делот а), каде што покрај името на станицата се наоѓа и бараниот број.

Објаснувањето на знаците користени во возниот ред се наоѓа на страните 6 и 7.

Сите податоци за експресните, брзите и за деловните возови се печати со црн слог, додека податоците за патничките возови се печати со обичен слог. Врските се прикажани со редниот број на полето за приклучната пруга и со косиот слог (курзив).

Периодите на сообраќајот на возовите и на директните вагони се дадени во делот Преглед на составот и периодите на сообраќајот на возовите и директните вагони во меѓународниот и во внатрешниот сообраќај.

# ИНФОРМАТИВЕН ДЕЛ ПРИМЕР НА ТАБЕЛАТА (ПОЛЕТО) НА ВОЗНИОТ РЕД

Експресните т.е деловните и брзите возови се печатени со броеви полу-црн слог, а над бројот на возот има знак Ex, R односно V

Тарифски ранг на возот

Вагонска класа

Број на возот

Број и име на пругата

Патнички воз

## СКОПЈЕ-ТАБАНОВЦИ-СКОПЈЕ
### SKOPJE-TABANOVCI-SKOPJE

| 611<br>iR<br>2<br>PT | B<br>*335*<br>*1,2*<br>①<br>*TCV/B* | 2021<br>R<br>2<br>PT | СТАНИЦА<br>STANICA<br>STATION<br>1, 4 | 600<br>iR<br>2<br>PT | B<br>*336*<br>*2*<br>②<br>*TCV/B* | 2020<br>R<br>2<br>PT |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 5.03 | 6.40 | 17.45 | TABANOVCI ……………………<br>ТАБАНОВЦИ ............................ | 7.20 | 9.02 | 17.29 |
| 5.08 | ↓ | 17.51 | KARPOŠ ...................................<br>КАРПОШ ................................. | 7.14 | ↑ | 17.23 |
| 5.13 | 6.51 | 17.56 | KUMANOVO ...............................<br>КУМАНОВО ............................... | 7.09 | 8.51 | 17.18 |
| 5.23 | ⋮ | 18.05 | ROMANOVCI ..............................<br>РОМАНОВЦИ ............................. | 6.59 | ↑ | 17.04 |
| 5.35 | ⋮ | 18.18 | MILADINOVCI .............................<br>МИЛАДИНОВЦИ .......................... | 6.43 | ⋮ | 16.52 |
| | ↓ | | | | ⋮ | |

1

Вертикалната линија означува дека возот ја поминува таа станица

О - Поаѓање на возот од станицата

Објаснувањето на ознаките т.е. забелешките се наоѓаат во слободниот простор на полето

Број на пругата каде е даден возниот ред на сите возови

Објаснување на симболите се на стр. 7

## ОБЈАСНУВАЊЕ НА ЗНАЦИТЕ

| | |
|---|---|
| **Тар. км** | - километарско растојание-оддалеченост од станица до станица (Тарифна оддалеченост) |
| **140, 150** | - Броеви на приклучните пруги кои се влеваат во таа станица |
| **EC** | - Euro City воз-меѓународна тарифа со додаток |
| **IC** | - Inter City воз-меѓународна тарифа со додаток |
| **TCV** | - Важи Тарифа за меѓународен сообраќај |
| **PT** | - Посебна Тарифа |
| **D** | - Меѓународен експресен воз |
| **Ex** | - Експресен воз |
| **PDC** | - Посебна дополнителна цена. Тарифна катег. на возот |
| **B** | - Брз воз |
| **632** | - Патнички воз |
|  | - Резервација задолжителна за целиот превозен пат |
| R | - Резервација задолжителна од станицата на поаѓање |
| **1** | - Дополнително известување во возот |
| o | - Пристигнување на возот во станицата |
|  | - Бифе во гарнитурата на возот |
|  | - Вагон за ручање (вагон-ресторан) во возот |
|  | - Гранична станица каде што се извршува царински преглед |
|  | - Вагон за спиење |
|  | - Вагон со легла (кушет вагон) |
|  | - Ноќна релација во вагон со легла |
|  | - Вагон од 1. и 2. класа |
|  | - Моторен воз со ограничен простор за багаж |
|  | - Електромоторен/моторен воз |
|  | - Превоз на автомобили со придружник во возовите за превоз на патници |
| 6.28 | - Станица на премин (во која е организиран премин на патници на одвојна пруга) |
| ⋮ | - Возот ја поминува станицата (нема застанување) |
| Hbf. | - Главна станица на странски пруги |
| Südbf. | - Јужна станица на странски пруги |
| ECU | - Тарифна единица во меѓународен железнички сообраќај |

## ИЗВОД ОД ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ

### а) Претпродажба и рок на важност на возните билети

Возните билети можат да се купат во претпродажба еден месец однапред, сметајќи од првиот ден на рокот на важење на билетот.

Рок на важење:

а) за патување во една насока:

- за растојание до 100 км-1 ден,
- за растојание од 101 км и повеќе-2 дена;

б) за одење и враќање (повратни патувања):

- за растојанија до 50 км-1 ден,
- за растојанија од 51 до 100 км-2 дена ;
- за 101 км и повеќе-30 дена.

За растојание до 100 км, за патување во време на неделни и за државни празници, возните билети важат од петок (односно од денот што му претходи на празникот) од 00.01 ч. до понеделник (односно до денот по празникот) до 24.00 ч.

Рокот на важење на возниот билет почнува да тече од 00.01 ч. од првиот ден на рокот на важење, кој е назначен на возниот билет. Патувањето мора да заврши најдоцна со возот, кој според возниот ред, пристигнува во упатната станица до 24.00 ч. на последниот ден на важењето на возниот билет.

Возните билети можат да се купат на благајните на МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ на железничките станици и во патничките агенции.

### б) Прекинување на патувањето

Со возен билет за патување во една насока дозволено е едно прекинување на патувањето, а со повратен возен билет дозволено е едно прекинување во одење и едно прекинување во враќање со задолжителна заверка во станицата во која патувањето е прекинато.

Доколку не е извршена заверка, возниот билет не важи за продолжување на патувањето. Незаверениот повратен возен билет при прекинување на патувањето во одење не важи само за продолжување на патувањето во одење.

Со прекинувањето на патувањето не се продолжува рокот на важење на возниот билет.

### в) Повластици

-За повратни патувања во возовите на МЖ Транспорт АД-Скопје се одобрува повластица од приближно 20%.

-Деца помали од 4 години возраст се превезуваат бесплатно под услов за нив да не се бара посебно место.

-Деца од 4 до 12 години, како и помлади деца за кои се бара посебно место имаат право на повластица од 50% од редовната возна цена за 1. и 2. класа.

**Колективни патувања**

Групи можат да користат повластица од 20% за патувања во една насока, како и за повратни патувања, ако се плати повластена возна цена најмалку за 6 возрасни лица. Две деца се сметаат како едно возрасно лице. Членовите на групата мораат да патуваат заедно на целата релација. За секоја група мора да се одреди водич на групата од учесниците на патувањето.

Повластицата се користи врз основа на објава за колективно патување К-16 која ја печати и ја продава превозникот. Објавата важи 30 дена од денот на издавањето. Возениот билет за патување во една насока важи 15 дена, а возниот билет за враќање важи 30 дена од денот кој е означен на возниот билет како прв ден на рок на важење.

За поединечни патувања на млади до наполнети 26 години одобрена е повластица од 50% за сите патнички возови на МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ, за 2. тарифна класа, за неограничен број патувања, во одење и во одење и враќање.

Повластицата се одобрува врз основа на:

- важечка легитимација за млади која ја печати и продава превозникот;
- меѓународна студентска легитимација ISIC;
- Европска младинска картичка.

-За старосни, инвалидски и за семејни пензионери, како и за лица постари од 60 години, државјани на РМ, им се одобрува повластица од 30% за неограничен број патувања во одење и во одење и враќање за 1. и 2. тарифна класа. Повластицата може да ја користи и брачниот другар на пензионерот, доколку патуваат заедно. Повластицата се користи врз основа на легитимација за повластено патување на стари лица издадена од МЖ Транспорт АД-Скопје.

-За училишни и за научни екскурзии на ученици и на студенти организирани од страна на образовни, воспитни и општествени организации, доколку во групата има најмалку 6 учесници, се одобрува повластица од 50% од редовната возна цена за 2. класа за патнички и за брз воз.

-Новинарите кои се членови на Сојузот на новинарите на Македонија добиваат повластица од 30%. Повластицата се користи врз основа на заверена легитимација која ја издава Сојузот на новинарите на Македонија.

- Билет за 10 патувања. Билетот за повеќе патувања се одобрува повластица од 30% од редовната возна цена согласно Тарифата за превоз на патници Дел III.

Возните билети за 10 патувања важат за еден календарски месец, за релација и класа одредена од страна на патникот, за патнички воз.




**г) Резервирање на места**

Патникот има право да резервира седиште. Резервирањето на седиштата ги вршат патничките благајни на МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ за кое се плаќа надоместок согласно Тарифа за превоз на патници ДЕЛ III.

Потврда за резервирано седиште може да добие само патник кој има купено соодветен возен билет.

Патник кој има резервација за седиште или легло треба да го заземе најдоцна 15 минути по тргнување на возот од станицата од која е купена резервацијата, во спротивно се смета дека местото-леглото не е резервирано.

### д) Враќање на износот на возниот билет

Барање за враќање на возната цена (разлика) се поднесува до патничките благајни на железничките станици во следниве случаи:

1) за потполно неискористен возен билет, без оглед на причината, најдоцна до првиот ден од рокот на важење на возниот билет, до патничката благајна на отправната станица;

2) за повратни возни билети, за неискористено патување во враќање најдоцна до последниот ден на рокот на важење на возниот билет, во станицата која е отправна станица во враќање;

3) за делумно неискористен возен билет (багажница) ако патникот се откаже од понатамошното патување, до станицата во која е прекинато патувањето, веднаш по излегувањето од возот. Повраток на возната цена го врши патничката благајна која го заверува целосно или делумно неискористениот возен билет;

4) за користење на втора класа со возен билет од прва класа поради тоа што немало слободни седишта во прва класа или немало вагон од 1. класа предвиден по возниот ред, во упатната станица веднаш по излегувањето од возот врз основа на заверен возен билет од страна на возопридружниот персонал;

5) за користење воз од помал тарифен ранг со возен билет од воз со повисок тарифен ранг, во упатната станица веднаш по излегувањето од возот врз основа на заверен возен билет од страна на возопридружниот персонал;

6) за делумно неискористен заеднички возен билет ако патувале помал број патници од оној за кој гласи заедничкиот возен билет;

7) за претплатнички билети;

8) за патување на помал број патници од оној за кој гласи заедничкиот возен билет за колективно патување;

-во случаите 4), 5), 6), 7) и 8) потребно е покрај возниот билет задолжително да се приложи соодветна потврда која ја издал кондуктерот во возот. Ако станицата не работи во време на доаѓањето на возот, барањето се поднесува на станицата најдоцна до следниот работен ден.

Во останатите случаи, за враќање на возната цена потребно е да се поднесе писмено барање до Одделението за Контрола на приходи на МЖ Транспорт АД-Скопје, ул. 3-та македонска бригада 66. Кон барањето се приложуваат возниот билет (заверен од страна на

одговорно лице на МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ) и по потреба, други документи со кои се докажува основаноста на барањето.

Благајните на патничките агенции не ја враќаат возната цена за целосно или за делумно неискористен возен билет, освен за целосно неискористени возни билети купен истиот ден и на истата благајна.

### ѓ) Превоз на багаж

Рачниот багаж на патниците се превезува бесплатно во патничките вагони над и под седиштето кое патникот го завзел и кое е под негов надзор. Патникот кој е без седиште, за превоз на рачниот багаж го следи упатството од кондуктерот.

Патникот може да го предаде на превоз прекумерниот рачен багаж и предметите што му се потребни по завршување на патувањето во службен вагон ако го има во составот на возот, а во спротивно плаќа превознина за прекумерниот рачен багаж.

Како багаж се примаат на превоз предмети кои се наменети заупотреба на патникот и кои се спакувани во ковчези, кошници, торби, вреќи, кутии и сл. Багажот се прима на превоз во станицата (само ако се покаже важечки возен билет) најдоцна 15 минути пред поаѓање на возот. Превознината се плаќа при предавањето на багажот на превоз.

### е) Превоз на живи животни

По правило животни не смеат да се внесуваат во патнички вагони и во вагони за ручање. Ако не е спротивно на посебните прописи, дозволено е внесување во патничките вагони на:

-мали припитомени животни затворени во кафези, кошари или во други погодни пакувања ако можат да се сметаат како рачен багаж;

-мали кучиња (за мало куче се смета куче кое не е повисоко од 30 см) ако не им пречат на патниците и ако можат да се држат во скут.

Кучињата кои се превезуваат со железница, без оглед на големината и на начинот на превозот, мораат да бидат со нарилник кој го спречува каснувањето, а поголемите кучиња мораат да се држат (да бидат врзани) со кус синџир.

За секое куче (со исклучок на малите) кое се превезува во патнички вагони, на име превознина се плаќа половина од редовната возна цена за 2. класа за патнички воз, со тоа што во вагоните за спиење мора да има уште и кабина за исклучителна употреба.

## МЕЃУНАРОДЕН СООБРАЌАЈ

### а) Претпродажба и рок на важење

Меѓународните возни билети можат да се купат на патничките благајни на МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ. Возните билети се издаваат најрано 2 месеци однапред, сметајќи од првиот ден на рокот на важење.

Возните билети важат 15 дена (со исклучоци на некои понуди).

Рокот на важење почнува да тече од датумот кој е одреден од патникот и кој треба да биде запишан на возниот билет од страна на благајната на издавање. Првиот ден на важење на возниот билет се смета како полн ден. Патникот може да го започне своето патување на кој било ден во рокот на важење на возниот билет, но мора да го заврши патувањето најдоцна со воз кој според возниот ред треба да пристигне во упатната станица на последниот ден од рокот на важење на возниот билет, најдоцна до 24.00 ч.

### б.Прекинување на патувањето

Прекинувања на патувањата се дозволени во рокот на важење на возниот билет. Рокот на важење на возниот билет не се продолжува со прекинувањето на патувањето. Патувањето може да се продолжи само од станицата на прекинувањето или од некоја друга станица која се наоѓа на уште неискористената релација на возниот билет.

### в) Повластици

1. Бесплато патување им се одобрува на деца помали од 4 години, доколку некои меѓународни превозници не предвидуваат поинаку. Овие деца ја користат повластицата за дете доколку се бара посебно место за нив.

2. Деца помали од 12 години плаќаат половина од цената за возрасен доколку некои меѓународни превозници не предвидуваат поинаку.

3. Превозот на слепи лица се одвива според редовните возни цени, додека нивните придружници имаат бесплатен превоз. Слепото лице и неговиот придружник мораат да патуваат во ист воз и во иста класа. Придружникот на слепото лице кој патува одвоено се смета како патник без возен билет.

### 4. Посебни понуди:

***Interrail-www.interrail.net; www.eurailgroup.org***

**Interrail** е понуда наменета за сите категории на патници. Деца од 4 до 12 години и возрасни можат да купуваат возни билети **Interrail** за 1. и 2. Класа.

Постојат два вида **Interrail** понуди:

1.**Interrail Global Pass** (возен билет за цела Европа) и

2. **Interrail OneCountryPass**(возен билет за една држава)

**Interrail Global Pass** може да се купи за:

- непрекинато патување во период од 15 дена, 22 дена или од 1 месец и

- патувања во одреден временски период (**flexi Pass)**, 5 дена во рокод 10 дена или 10 дена во рок од 22 дена од важноста на возниот билет.

**Interrail One Country Pass** се издава за 3, 4, 6 или за 8 дена во текот на 1 месец.

Избраниот број денови, патникот ги користи по свој избор во рокот на важењето на возниот билет (1 месец).

Имателите на **„Flexi Pass”** (**Interrail Global Pass** за 5 или за 10 дена и **Interrail One Country Pass** за 3, 4, 6 или за 8 дена) можат да го изберат денот на патувањето по своја желба во рокот на важење на возниот билет. Патникот е должен  во одредена рубрика да го впише датумот на патувањето.

Имателот на возниот билет **Interrail Global Pass** има право на купување SCIC-NRTвозни билети со повластица од 50%, за релација од местото на живеење до пограничната станица на пругите на МЖ со соседната железница.

### *Спогодба ХЖ-СЕТ и МЖ Транспорт-ХЖ*

Во сообраќајот помеѓу Македонија и Хрватска, цените одSCIC-NRTТарифата, се намалени за 30% врз основа на Спогод-бата **ХЖ-СЕТ**. На вака намалените возни цени се применуваат сите повластици споредSCIC-NRTТарифата или повластица од 30% според Спогодба МЖ-ХЖ, доколку другите повластиците спредSCIC-NRTТарифата не се поповолни.

### *Спогодба СЖ-СЕТ и МЖ Транспорт-СЖ*

Во сообраќајот помеѓу Македонија и Словенија, цените одSCIC-NRTТарифата се намалени за 30% врз основа на Спогодбата **СЖ-СЕТ**. На вака намалените возни цени се применуваат сите SCIC-NRT повластици. При купување на повратни возни билети за пру-гите на СЖ се применува повластица од 20%, а за пругите на ХЖ и ЖС 30%.

### *Спогодба МЖ Транспорт-ЖС-МАВ-УЖ-ФПЦ (РЖД)*

Според оваа Спогодба железничките превозници ги одобруваат следните повластици за своите релации: ФПЦ 20% и МАВ 30% за транзитни релации по Тарифа Исток-Запад.

### *Тарифа за Југоисточна Европа SCIC-SET*

Тарифата за Југоисточна Европа (SET) се применува за превоз на патници со директни возни билети издадени од и за станиците кои се наоѓаат на територијата на Бугарија, Грција, Србија, Македонија, Романија, Република Српска, Црна Гора, Федерација на Босна и Херцеговина и на Турција. Таа во својата содржина нуди поевтин превоз во однос на редовните меѓународни возни цени за превоз на патници. SET предвидува повластици во висина од 50 %за следните категории патници: деца од 4 до 12 год. возраст, вработените во националните железници потписнички на оваа Тарифа и нивните семејства (освен за мрежата на Турските железници).

Тарифата предвидува, исто така, повластица од 20% за групни патувања и за превоз на патници во посебни возови и вагони.

### *Balkan flexipass*

Понудата**Balkan flexipass**е возен билет за неограничен број на патувања во времетраење од 5, 7, 10 или 15 дена и важи за мрежите на балканските железници: Македонија, Бугарија, Грција, Србија, Романија, Црна Гора, Република Српска, Федерација на Босна и Херцеговина, Турција и на поморските релации на ATTICA GROUP. Важноста на возниот билет е 1 месец.

Се издава за млади до 26 год.,за деца од 4 до 12 год., за возрасни и за сениори.

Покрај транспортната услуга, возниот билет овозможува услуга на дополнителни туристички понуди во земјите-членки на оваа понуда.

### *Мултирателарен договор помеѓу железниците на Македонија, Србија, Унгарија, Словачка, Чешка и на Полска*

При отпремање на патници во меѓународниот патнички сообраќај со возни билети за одење и за враќање (повратни) за пругите на **Македонија, Србија, Унгарија, Словачка, Чешка и за Полска,** како и во транзит преку нив се одобрува повластица од 30% од редовните возни цени на тие железници.Важноста на билетот е 1 (еден) месец.

### *Rail plus*

**Rail plus**е тарифна понуда кај која патникот купува карта-легитимација која има рок на важност 1 год. и која во тој рок на патникот му дава право на повластица од 25% од цената на возниот билет со исклучок на Србија каде важи повластица од 30%  од Тарифа SCIC-SET.

### *City Star*

Понудата**City Star** е наменета за поединечни патници, максимум за 5 возрасни лица и за 1 дете кои патуваат заедно во одење и во враќање (2 деца од 4 до12 год. се сметаат за 1 возрасен патник). Билетите според понудата **City Star** може да се издаваат за следниве земји: Австрија, Словенија, Хрватска, Словачка и Чешка.

Првиот патник ја плаќа предвидената редовна возна цена, а секојследен патник користи повластица од 50% од возната цена кој ја плаќа првиот партник. Децата од 4 до12 год. користат повластица од 75% од возна цена на првиот патник. За Хрватска важи понудата City Starнаменета за поединечни патници и група на патници најмногу до 5 лица. Првиот патник ја плаќа редовната цена, секој следен патник плаќа 50% од цената предвидена за првиот патник. Деца до 6 годишна возраст патуваат бесплатно (доколку не се бара за нив посебно место за седење).

Важноста на билетот **City Star**е 1 месец.

***Србија Специјал***

Понудата важи за поединечни повратни патувања, за 2. тарифна класа, по релациски цени за следниве релации:
Скопје-Белград-Скопје и
Скопје-Ниш-Скопје.

Возните билети важат 1 месец, за патување во сите денови. Децата од 4 до12 години плаќаат 50% од возната цена за возрасни патници.

Прекинување на патувањето е дозволено без ограничување и тоа во рокот на важноста на возниот билет. Забрането е враќање на возната цена за делумно неискористени возни билети.

**г) Резервирање места**

Патникот има право да резервира седиште, легло во вагон за спиење и во вагон со легла (кушет). Резервирањето на седиштата и леглата ги вршат патничките благајни на МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ за кое се плаќа надоместок согласно Тарифа за превоз на патници ДЕЛIIIи ТарифаSCIC-SET.

Потврда за резервирано седиште или легло може да добие само патник кој има купено соодветен возен билет.

Патник кој има резервација за седиште или легло треба да го заземе најдоцна 15 минути по тргнување на возот од станицата од која е купена резервацијата, во спротивно се смета дека местото-леглото не е резервирано.

**д) Враќање на возни цени**

За неискористен или за делумно неискористен возен билет од меѓународниот сообраќај возната цена (разлика) се враќа врз основа на писмено барање поднесено од патникот до Одделението за контрола на приходи на МЖ Транспорт АД-Скопје, ул. 3-та македонска бригада 66-1000 Скопје. Кон барањето треба да се приложи меѓународниот возен билет со купонските корици и евентуално други документи со кои се докажува основот за враќање на наплатената возна цена.

Со исклучок, износот на возниот билет може да го врати благајната која го издала меѓународниот возен билет, ако патникот го врати возниот билет во истиот месец во кој е купен.

# СПИСОЦИ СО БРОЕВИ НА ПРУГИ (ТАБЕЛА-ПОЛИЊА)

| А | |
|---|---|
| Агино село | 1 |

| Б | |
|---|---|
| Бакарно Гумно | 5 |
| Балван | 4 |
| Битола | 5 |
| Богомила | 5 |
| Браилово | 5 |
| Брвеница | 7 |

| В | |
|---|---|
| Ванчо Прке | 4 |
| Васил Антевски | 5 |
| Велес | 2,3,4,5 |
| Волково | 6 |
| Врановци | 7 |

| Г | |
|---|---|
| Галичани | 5 |
| Гевгелија | 3 |
| Гостивар | 7 |
| Гостиражни | 5 |
| Градско | 3 |

| Д | |
|---|---|
| Даме Груев | 5 |
| Дељадровци | 1 |
| Демир Капија | 3 |
| Длапкин Дол | 7 |
| Драчево | 2 |
| Дуброво | 3 |

| Ѓ | |
|---|---|
| Ѓорче Петров | 6,7 |

| Ж | |
|---|---|
| Жабјани | 5 |
| Железарница | 6 |
| Жеровјане | 7 |

| З | |
|---|---|
| Зајас | 7 |
| Згрополци | 3 |
| Зелениково | 2 |
| Зелениково Ново | 2 |
| Злетовица | 4 |

| И | |
|---|---|
| Илинден | 1 |

| Ј | |
|---|---|
| Јазла | 4 |
| Јане Сандански | 2 |
| Јегуновце | 7 |
| Јегуновце ф-ка | 7 |

| К | |
|---|---|
| Кадина Река | 2 |
| Карпош | 1 |
| Кичево | 7 |
| Клисура | 3 |
| Кочани | 4 |
| Кошулчеви | 4 |
| Кравари | 5 |
| Кременица | 5 |
| Криволак | 3 |
| Кукуричани | 3 |
| Куманово | 1 |

| Л | |
|---|---|
| Лакавица | 7 |
| Лисиче | 2 |
| Лознани | 5 |

| М | |
|---|---|
| Мартолци | 5 |
| Маџари | 1 |
| Миладиновци | 1 |
| Милетково | 3 |
| Миравци | 3 |

| Н | |
|---|---|
| Неготино Вардар | 3 |
| Никола Карев | 5 |
| Новоселани | 5 |
| Ново Село | 6 |
| Ногаевци | 3 |

О

| | |
|---|---|
| Облешево | 4 |
| Овче Поле | 4 |
| Орашје | 7 |
| Ореше | 5 |
| Орман | 6 |
| Орце | 4 |

П

| | |
|---|---|
| Падалиште | 7 |
| Прдејци | 3 |
| Превој | 1 |
| Прилеп | 5 |
| Пчиња | 2 |

Р

| | |
|---|---|
| Радуша | 7 |
| Рајко Жинзифов | 2 |
| Ратаје | 7 |
| Романовци | 1 |

С

| | |
|---|---|
| Сарај | 7 |
| Сенокос | 5 |
| Скопје | 1,2,6 |
| Скопје Север | 6 |
| Скопје Товарна | 1 |
| Слепче | 5 |
| Смесница | 2 |
| Смоквица | 3 |
| Смоквица Нова | 3 |
| Согле | 5 |
| Соколарци | 4 |
| Стари Град | 5 |
| Стоби | 3 |
| Строгомиште | 7 |
| Сулари | 7 |

Т

| | |
|---|---|
| Табановци | 1 |
| Тетово | 7 |
| Теово | 7 |
| Тополка | 5 |
| Тошо Арсов | 4 |
| Тројкрсти | 5 |

Ц

| | |
|---|---|
| Црвени Брегови | 3 |

Ч

| | |
|---|---|
| Чашка | 5 |

Ш

| | |
|---|---|
| Штип | 4 |

## КОМПАРАТИВНА ТАБЛИЦА НА ВРЕМЕНСКИ ЗОНИ



Западноевропско време (ЗЕВ)



Средноевропско време (СЕВ)



Источноевропско време (ИЕВ)



Московско време (МВ)



Московско време +1 час (МВ+1)

| | | | |
|---|---|---|---|
| АВСТРИЈА | СЕВ | УНГАРИЈА | СЕВ |
| ЧЕШКА | СЕВ | ПОЛСКА | СЕВ |
| БЕЛГИЈА | СЕВ | МАКЕДОНИЈА | СЕВ |
| БиХ | СЕВ | ГЕРМАНИЈА | СЕВ |
| БУГАРИЈА | ИЕВ | НОРВЕШКА | ИЕВ |
| ДАНСКА | СЕВ | ПОРТУГАЛИЈА | ЗЕВ |
| ФИНСКА | ИЕВ | СЛОВАЧКА | СЕВ |
| ФРАНЦИЈА | СЕВ | СЛОВЕНИЈА | СЕВ |
| ГРЦИЈА | ИЕВ | ШПАНИЈА | СЕВ |
| ХОЛАНДИЈА | СЕВ | РОМАНИЈА | ИЕВ |
| ХРВАТСКА | СЕВ | ШВАЈЦАРИЈА | СЕВ |
| ИРСКА | ЗЕВ | ШВЕДСКА | СЕВ |
| ИТАЛИЈА | СЕВ | ТУРЦИЈА | ИЕВ |
| ЛУКСЕМБУРГ | СЕВ | РУСИЈА | МВ |
| СРБИЈА | СЕВ | ВЕЛИКА БРИТАНИЈА | ЗЕВ |

# ПРЕГЛЕД НА СОСТАВИ И НА ПЕРИОД НА СООБРАЌАЈ НА ВОЗОВИТЕ И ДИРЕКТНИТЕ ВАГОНИ

## D 334 ХЕЛАС
## СОЛУН-БЕЛГРАД

| | СЕРИЈА | ВАГОН БРОЈ | | РЕЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| Ф | WLAB | WL | 869 | Скопје-Белград |
| | Bee61 | 2 | 470 | Солун- Белград |
| | B | 2 | 471 | Солун- Белград |
| | B | 2 | 472 | Солун- Белград |
| 1 | A | 2 | 421 | Солун- Белград -Будимпешта К. пу. |
| 1 | Bc | 2 | 420 | Солун- Белград -Будимпешта К. пу. |
| | Bc | 2 | 473 | Солун- Белград |
| Ф | Bc/WLB | WL | 874 | Солун- Белград |
| 2 | DDam | | 375 | Солун- Белград |

*Ф. Сообраќа по потреба (факултативно)*
*1. Сообраќа во деновите 6/7 во период од 13/14.06 до 19/20.09.2015*
*2. Сообраќа од 06/07.06 до 28/29.09.2015*

## D 335 ХЕЛАС
## БЕЛГРАД-СОЛУН

| | СЕРИЈА | ВАГОН БРОЈ | | РЕЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| F | WLAB | WL | 869 | Белград -Скопје |
| F | Bc/WLB | WL | 874 | Белград -Солун |
| | Bc | 2 | 473 | Белград -Солун |
| 1 | Bc | 2 | 420 | Будимпешта К. пу.-Белград -Солун |
| 1 | A | 2 | 421 | Будимпешта К. пу.-Белград -Солун |
| | B | 2 | 472 | Белград -Солун |
| | B | 2 | 471 | Белград -Солун |
| | Bee61 | 2 | 470 | Белград -Солун |
| 2 | DDam | | 375 | Белград -Солун |

*Ф. Сообраќа по потреба (факултативно)*
*1. Сообраќа во деновите 5/6 во период од 12/13.06 до 18/19.09.2015*
*2. Сообраќа од 05/06.06 до 27/28.09.2015*

## IC B 336
## СКОПЈЕ-БЕЛГРАД

| | СЕРИЈА | ВАГОН | БРОЈ | РЕЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| | B | 2 | 463 | *Скопје-Белград* |
| | B | 2 | 464 | *Скопје-Белград* |
| *Ф* | B | 2 | 865 | *Скопје-Белград* |
| *Ф* | Bc | 2 | 826 | *Скопје-Будимпешта К. пу.* |

*Ф. Сообраќа по потреба (факултативно)*

## IC B 337
## БЕЛГРАД-СКОПЈЕ

| | СЕРИЈА | ВАГОН | БРОЈ | РЕЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| *Ф* | Bc | 2 | 826 | *Будимпешта К.-Скопје* |
| *Ф* | B | 2 | 865 | *Белград-Скопје* |
| | B | 2 | 464 | *Белград-Скопје* |
| | B | 2 | 463 | *Белград-Скопје* |

*Ф. Сообраќа по потреба (факултативно)*

## ПРЕГЛЕД НА СОСТАВИТЕ И ПЕРИОД НА СООБРАЌАЈ НА ВОЗОВИТЕ ВО ВНАТРЕШНИОТ СООБРАЌАЈ

| | | |
|---|---|---|
| 2 | 600 | ВЕЛЕС-ТАБАНОВЦИ |
| | 611 | ТАБАНОВЦИ-ГЕВГЕЛИЈА |
| 2 | 613 | ТАБАНОВЦИ-ГЕВГЕЛИЈА |
| | 2020/2021 | СКОПЈЕ-ТАБАНОВЦИ-СКОПЈЕ |
| | 2022/2023/2024 | СКОПЈЕ-ТАБАНОВЦИ-СКОПЈЕ |
| | 631/630 | СКОПЈЕ-ГЕВГЕЛИЈА-СКОПЈЕ |
| | 632 | ГЕВГЕЛИЈА-СКОПЈЕ |
| 2 | 634 | ГЕВГЕЛИЈА-СКОПЈЕ |
| | 541/540 | СКОПЈЕ-БИТОЛА-СКОПЈЕ |
| | 641/642 | СКОПЈЕ-БИТОЛА-СКОПЈЕ |
| | 643/644 | СКОПЈЕ-БИТОЛА-СКОПЈЕ |
| | 645/640 | СКОПЈЕ-БИТОЛА-СКОПЈЕ |
| | 651/650 | СКОПЈЕ-КОЧАНИ-СКОПЈЕ |
| 2 | 660/661 | СКОПЈЕ-КИЧЕВО-СКОПЈЕ |
| 2 | 662/663 | СКОПЈЕ-КИЧЕВО-СКОПЈЕ |
| 2 | 2081/2080 | СКОПЈЕ-ВЕЛЕС-СКОПЈЕ |
| | 2083/2082 | СКОПЈЕ-ВЕЛЕС-СКОПЈЕ |
| 2 | 2085 | СКОПЈЕ-ВЕЛЕС |

## АДРЕСА НА ДИРЕКЦИЈА НА МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД
1000 СКОПЈЕ, ул. 3-та македонска бригада 66
Телефакс 389 (0)2 3248-720;www.mz-transportad.com.mk

| | |
|---|---|
| Директор за Патнички сообраќај - | 389 (0)2 3248-707 |
| Одделение за Организација - | 389 (0)2 3248-732 |

## ИНФОРМАТИВНИ СЛУЖБИ ЗА ПАТНИЧКИ ПРЕВОЗ НА МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ

Служба за резервирање на легла и седишта:
Служби за информации:

| | |
|---|---|
| -железничка станица Скопје | 389 (0)2 3164-255 |
| -железничка станица Куманово | 389 (0)31 423-310 |
| -железничка станица Велес | |
| -железничка станица Битола | |
| -железничка станица Прилеп | |

# a.

C O N T E N T

- *Instruction for use of the Timetable for Passenger Services ..... 27*
- *Description of signs.................................................................. 29*
- *Extract from the General Conditions for transportation of Passengers ........................................................................ 31*

*INSTRUCTION FOR USE OF THE TIMETABLE FOR PASSENGER SERVICES MŽ TRANSPORT AD SKOPJE*

*The timetable is divided into three Sections, such as:*

*a) The INFORMATION SECTION includes all the basic information regarding the organization and conditions for transportation of passengers, luggage, seats reservation, sleeping berths and couchettes in direct trains in domestic and international traffic. The list of stations on MR's network, beside the name of the station also includes the number of the respective area where it is located. Herein section on trains composition shows the periods of operation of the trains and wagons in the domestic and international traffic.*

*b) The TIMETABLE OF INTERNATIONAL AND DIRECT TRAINS includes all direct trains, express, business, fast and trains with special comfort. For easier and faster orientation in order finding the appropriate field of interest, it is necessary at first to be reviewed the scheme map which is made integral part of this section. The numerical sign along the required relation shows at the same time the regular number of the table ( the field) where the time table is shown. In front of each table (field) there is a schematic display of that line section.*

*c) The TIME TABLE OF ALL THE TRAINS OPERATING IN DOMESTIC TRAFFIC includes detailed data of all the trains operated by MŽ Transport AD-Skopje. When used, as first a look should be taken at the schematic map of MR's railway lines which is placed on the rear of the cover page. In case, it is not known on which relation specific station is located, could be used the list of stations in Section a) where beside the name of the station could be found the required number.*

*Description of the signs used in the timetable could be found on pages 30 and 31.*

*All the data related to express, fast and business trains are printed in bold, while the data related to passenger trains are printed in regular font. The connections are shown by regular number of the field for connecting line and in italic font.*

*The periods of trains and direct cars operation are presented in the section "Overview of composition and periods of trains and direct cars operation in the international and domestic traffic"*

## INFORMATION SECTION-A SAMPLE OF A TABLE (FIELD) OF THE TIMETABLE

*Express, bussnes and fast trains are printed in semi-bold font, over the top of the train number there is a sign Ex, R or V*

*Tariff Category of Train*

*Coach class*

*Train number*

*Number and name of the line*

*Passenger*

**СКОПЈЕ-ТАБАНОВЦИ-СКОПЈЕ**
**SKOPJE-TABANOVCI-SKOPJE**

| 611<br>iR<br>2<br>PT | B<br>335<br>1,2<br>①<br>TCV/B | 2021<br>R<br>2<br>PT | СТАНИЦА<br>STANICA<br>STATION<br>1, 4 | 600<br>iR<br>2<br>PT | B<br>336<br>2<br>②<br>TCV/B | 2020<br>R<br>2<br>PT |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 5.03 | 6.40 | 17.45 | TABANOVCI …………………….<br>ТАБАНОВЦИ ............................ | 7.20 | 9.02 | 17.29 |
| 5.08 | ↓ | 17.51 | KARPOŠ ....................................<br>КАРПОШ .................................. | 7.14 | ↑ | 17.23 |
| 5.13 | 6.51 | 17.56 | KUMANOVO ...............................<br>КУМАНОВО ................................ | 7.09 | 8.51 | 17.18 |
| 5.23 | ⋮ | 18.05 | ROMANOVCI ...............................<br>РОМАНОВЦИ ............................. | 6.59 | ↑ | 17.04 |
| 5.35 | ⋮ | 18.18 | MILADINOVCI ..............................<br>МИЛАДИНОВЦИ .......................... | 6.43 | ⋮ | 16.52 |
| | ↓ | | | | ⋮ | |

1

*Vertical line denotes that the train passes through that station*

*O – Departure of the train from station*

*Explanation of designations i.e the remarks are included in the free space of the field*

*Number of the line in the given section included in timetable*

*Explanation on page no. 27*

## DESCRIPTION OF SIGNS

| | |
|---|---|
| *Tariff km.* | *- Distance-remoteness from station to station in kilometers (chargeable distance)* |
| *140, 150* | *- Numbers of terminating lines entering that station* |
| *EC* | *- Euro City train-international tariff with supplement* |
| *IC* | *- Inter City train-international tariff with supplement* |
| *TCV* | *- Apply tariff for international traffic* |
| *PT* | *- Special tariff* |
| *D* | *- International express* |
| *Ex* | *- Express* |
| *PDC* | *- Special additional price. Tariff category of a train* |
| *B* | *- Express train* |
